УНИВЕРЗИТЕТ "Св.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ СПОРТ И ЗДРАВЈЕ
С К О П Ј Е
дел.бр. 0201- 609/17 од 4.7.2018 година

Врз основа на член 218, од Законот за високото образование (Сл.Весник на бр.82/2018), член 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 278/2014), Одлуката на Универзитетскиот сенат за избор во наставно-научно звање редовен професор, Наставно-научниот совет на Факултетот за физи;ко образование, спорт и здравје на 68–та седница одржана на ден 4.7.2018 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

**Член 1**

Д-р Георги Георгиев, е избран во наставно-научно звање - редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје на седницата на Универзитетскиот сенат на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, одржана на 31.1.2017 година.

**Член 2**

Именуваниот како редовен професор на научната област општествена кинезиологија по предметот методологија со статистика, заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

**Член 3**

Одлуката станува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Член 4**

По еден примерок од одлуката да се достави до именуваниот, архивата и персоналната евиденција на Факултетот.

НАСТАВНО-НАУЧЕН СОВЕТ
ДЕКАН

Проф.д-р Ленче Алексовска Величковска

Изготвил: Е.Даскалова

Бр. 02 – 122/44
31.1.2017 година
Скопје

21.02.2017
02 289/2 1 1

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016 и 127/2016), Универзитетскиот сенат, на 7. седница одржана на 31.1.2017 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор на редовен професор

**Член 1**

**Д-р Георги Георгиев,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје, во наставно-научната област:

- *општествена кинезиологија*, по предметот методологија со статистика.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

ДН:
- Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје
- Проф. д-р Георги Георгиев

Изработил: м-р Елизабета Додевска
Одобрил: м-р Марија Маневска

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

Избор во звање редовен професор д-р Георги Георгиев

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1135**

**Скопје, 1 декември 2016 година**

## РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ МЕТОДОЛОГИЈА СО СТАТИСТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (УКИМ) во Скопје, на одржаната 51 седница на 17.11.2016 година, донесе Одлука број 0201-1514/4 со која е одредена Рецензентска комисија во врска со пријавата на кандидатот д-р Георги Георгиев, вонреден професор по предметот методологија со статистика, за избор на наставник на предметот методологија со статистика во наставно-научно звање – редовен професор, во состав: проф. д-р Душко Иванов, претседател, проф. д-р Ленче Алексовска-Величковска, член и проф. д-р Иван Анастасовски, член. На објавениот конкурс во весниците: „Нова Македонија" и „Коха"од 5.10.2016 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област *општествена кинезиологија, по предметот методологија со статистика*, се пријави кандидатот д-р Георги Георгиев. По разгледувањето на неговата пријава и поднесената документација, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци за кандидатот

Кандидатот д-р Георги Георгиев е роден на 1.9.1963 година во Софија, Република Бугарија.

Основното и средното образование ги завршил во Скопје.

Во учебната 1983/1984 година се запишал како редовен студент на Факултетот за физичка култура (денес Факултет за физичко образование, спорт и здравје – ФФОСЗ) во Скопје, на кој дипломирал во учебната 1988/1989 година, со среден успех 8,00.

Од 3.1.1991 година е вработен како соработник - помлад асистент на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје по предметот методологија на истражувањето со статистика.

На 28.2.1997 година, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, кандидатот успешно го одбранил магистерскиот труд на тема: „Дефинирање на степенот на факторската валидност, релијабилност и други мерни карактеристики во биомоторниот простор кај учениците од двата пола од 11-годишна возраст", со што се стекна со звањето магистер на науки од областа на физичката култура (кинезиологијата).

На 27.10.2006 година, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, кандидатот успешно го одбранил докторскиот труд на тема: „Развојот на некои димензии на антрополошкиот статус кај учениците од основните училишта, дефиниран со различни методолошко-статистички постапки", со што се стекна со звањето доктор на науки од областа на кинезиологијата.

## Наставно-образовна дејност на кандидатот

Кандидатот д-р Георги Георгиев, вонреден професор на предметот методологија со статистика, е вработен на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје од 1991 година - помлад асистент, од 1997 година – асистент, од 2007 година – насловен доцент и од 2012 година – вонреден професор на предметот на кој конкурира.

Кандидатот е вклучен во реализацијата на практичната и теоретската настава со редовните и вонредните студенти од прв циклус студии на насоките физичко образование и спорт по предметите методологија со статистика – како задолжителен предмет во втора година (во трети семестар) и методологија на подготовка на стручни трудови – како изборен предмет во втора година (во четврти семестар).

Кандидатот е вклучен во реализацијата на наставата со студентите од втор и трет циклус студии на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при УКИМ во Скопје.

Кандидатот како наставник учествува и во теренската настава по предметот скијање.

Кандидатот бил ментор на 6 дипломски работи, член на комисија во 30 дипломски работи, член во комисија на 7 магистерски труда и член на комисија за оцена и одбрана на 6 докторски дисертации, како и ментор е на двајца кандидати за изработка на докторски дисертации на Факултетот за физичко воспитување и спорт во Никшиќ при Универзитетот во Црна Гора.

## Научноистражувачка дејност

Во полето на научноистражувачката дејност, кандидатот се јавува како ментор на 4 докторски дисертации и е учесник како соработник во проектот „Информацискиот систем за следење на врвните спортисти во Република Македонија", кој е реализиран од страна на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при УКИМ.

Од прегледот на вкупно објавените 54 труда кои кандидатот ги доставил за овој избор, може да се согледа дека повеќето од нив претставуваат оригинални научни трудови.

Кандидатот објавил 4 труда во списанија со фактор на влијание (Impact factor – IF) кои се индексирани во научната база Thomson Reuters; објавил 16 труда во меѓународни списанија кои, покрај индексираноста во други бази, се индексирани во

меѓународните научни бази EBSCO или SCOPUS; останатите 34 труда се објавени во зборници од меѓународни научни конференции, во стручно/научно-популарни списанија и во зборници од научни собири.

За повеќето објавени трудови е карактеристично дека при обработката на податоците се применети различни статистички методи (од основните статистички дескриптивни параметри до посложените мултиваријантни математичко-статистички анализи), кои реално овозможиле да се одговори на целите во истражувањата и да се донесат соодветни заклучоци, кои би требало да најдат соодветна практична примена во кинезиологијата.

Кандидатот д-р Георги Георгиев во овој период учествувал на повеќе меѓународни научни собири во следниве држави: Македонија (Охрид и Скопје), Србија (Нови Сад, Суботица, Белград и Ниш), Црна Гора (Подгорица), Шпанија (Барцелона), Бугарија (Велико Трново, Шумен, Русе и Софија), Босна и Херцеговина (Тузла и Бања Лука) и Словенија (Љубљана).

Освен активно учество со презентација на трудови, кандидатот се појавува и како модератор на научна секција на меѓународниот собир во Подгорица во 2013 година.

## Стручно-апликативна дејност на кандидатот

Од дејностите од поширок интерес, кандидатот се истакнува како член на рецензентски одбор во меѓународните научни списанија: SPORT SCIENCE - меѓународно списание од подрачјето на кинезиологијата, Травник, Босна и Херцеговина (од 2008 година); ACTA KINESIOLOGICA - меѓународно научно списание од кинезиологијата, Љубушки, Босна и Херцеговина (од 2009 година); SPORT MONT – списание за спорт, физичко воспитување и здравје, во издание на Црногорската спортска академија, Подгорица, Црна Гора (од 2011 година), MONTENEGRIN JOURNAL OF SPORT SCIENCE AND MEDICINE - Подгорица, RESEARCH IN PHYSICAL EDUCATION, SPORT AND HEALTH (PESH), Скопје и Фис Комуникации во физичкото образование и спортот – Ниш (од 2013 година).

Со одлука на ректорот на Универзитетот, кандидатот во 2012 година е избран меѓу десетте најдобри научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од последниот избор до сега, кандидатот активно учествува во работата на Факултетот и бил претседател или член во повеќе комисии на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при УКИМ во Скопје.

Раководител е на Катедрата за теоретско-методски истражувања.

Раководител е на Центарот за анализа и обработка на податоци на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при УКИМ во Скопје.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Георги Георгиев, вонреден професор по предметот методологија со статистика, позитивно е оценет за наставно-образовната дејност од анонимно спроведената анкета за самоевалуација од студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при УКИМ во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставените конкурсни материјали на кандидатот д-р Георги Георгиев, вонреден професор по предметот методологија со статистика и според сознанијата за неговото ангажирање од вработувањето на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при УКИМ во Скопје, неговата педагошка, стручна и научна работа, како и склоноста кон изучување и усовршување во полето на методологијата на научното истражување со статистика, примената на статистичките методи и неговите потенцијални интереси во таа насока, Комисијата констатира дека д-р Георги Георгиев се разви во квалитетен стручњак и во целост ги исполнува условите за избор на наставник во наставно-научното звање редовен професор по предметот методологија со статистика.

Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при УКИМ во Скопје, да го избере кандидатот д-р Георги Георгиев за наставник на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) во Скопје по предметот методологија со статистика во наставно-научното звање редовен професор.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Душко Иванов, претседател, с.р.

Проф. д-р Ленче Алексовска-Величковска, с.р.

Проф. д-р Иван Анастасовски, член, с.р.

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Георги Стојан Георгиев**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Факултет за физичко образование, спорт и здравје, Скопје***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** *ОПШТЕСТВЕНА КИНЕЗИОЛОГИЈА*

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување на настава | 43,20 |
| | - од прв циклус студии | 38,40 |
| | - од втор циклус студии | 2,40 |
| | - од трет циклус студии | 2,40 |
| | Одржување на теренска настава | 1,60 |
| | Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) | 21,60 |
| | Консултации со студенти | 2,48 |
| | Ментор на дипломска работа | 1,20 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | 3,00 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | 2,10 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска | 3,00 |
| | **Вкупно** | 78,18 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Ментор на докторска дисертација | 12,00 |
| | Ментор на магистерска работа | 2,00 |
| | Учесник во национален научен проект | 5,00 |
| | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание | 46,80 |
| 1 | Kostovski, Ž., Georgiev, G., Shala, S., & Ibri, L. (2011). Relations between motor abilities and the wrestler's competitive effectiveness. *Acta Kinesiologica, 5*(2), 72-75. | 2,40 |
| 2 | Bjelica, D., Georgiev, G., & Popović, S. (2011). Comparison of instep kicking by non-preferred leg among various states and intensities in young football players. *Acta Kinesiologica, 5*(1), 79-82. | 3,20 |
| 3 | Muratović, A., Bjelica, D., & Georgiev, G. (2011). Quantitative and qualitative differences in situational-motoric effectivity with young handball players from Montenegro. *Sport Science, 4*(2), 70-73. | 3,20 |
| 4 | Gardašević, J., Georgiev, G., & Bjelica, D. (2012). Qualitative changes of basic motor abilities after completing a six-week training programme. *Acta Kinesiologica, 6* (1), 70-74. | 3,20 |
| 5 | Bjelica, D., Georgiev, G., & Muratović, A. (2012). Basic motor abilities of young players from Montenegro. *Sport Science, 5*(1), 71-76. | 3,20 |
| 6 | Georgiev, G., Kostovski, Ž., & Mitrevski, V. (2012). Quantitative differences in acquiring yhe motor tests with students from the Republic of Macedonia and Republic of Serbia. *Sport Mont,* 34, 35, 36./X, 105-109. Podgorica: Crnogorska sportska akademija. | 3,20 |
| 7 | Muratović, A., & Georgiev, G. (2012). Osnovne motoricke sposobnosti i situaciono motoricka efikasnost kod mladih rukometasa iz Crne Gore – kvantitativni pristup. *Sport Mont,* 34, 35, 36./X, 493-498. Podgorica: Crnogorska sportska akademija. | 3,60 |
| 8 | Mitrevski, V., Georgiev, G., & Kostovska, Z. (2012). Relation between the latent motor dimension responsible for movements of students in acquiring the motor tests. *Sport Mont,* 34, 35, 36./X, 628-636. Podgorica: Crnogorska sportska akademija. | 3,20 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 9 | Georgiev, G., Živković, V., & Mitrevski, V. (2013). Frekvencija pokreta učenicima kroz longitudinalno promatranje. *Sport Mont,* 37, 38, 39./XI, 232-235. Podgorica: Crnogorska sportska akademija. | 3,20 |
| 10 | Mitrevski, V., Georgiev, G., & Živković, V. (2013). Relation of body mass index (BMI) to students' achievements and reformance regarding their motor abilities. *Sport Mont,* 37, 38, 39./XI, 236-240. Podgorica: Crnogorska sportska akademija. | 3,20 |
| 11 | Hadžić, R., Georgiev, G., & Vujović, D. (2013). Stavovi studenata za sport i fizičko vaspitanje prema praktičnoj nastavi skijanja. *Sport Mont,* 37, 38, 39./XI, 474-478. Podgorica: Crnogorska sportska akademija. | 3,20 |
| 12 | Georgiev, G., Mitrevski, V.. Nika, F., & Hasani, H. (2014). The results of professional approach and increased intensity of work. *Sport Mont,* 40, 41, 42./XII, 40-45. Podgorica: Crnogorska sportska akademija. | 2,40 |
| 13 | Georgiev, G., Pireva, A., Mitrevski, V., Hasani, H., & Nika, F. (2014). Measure characteristics of motor test of movement frequency with student from Macedonia and Kosovo. *Sport Mont,* 40, 41, 42./XII, 46-49. Podgorica: Crnogorska sportska akademija. | 2,40 |
| 14 | Muratović, A., Vujović, D., Bojanić, D., & Georgiev, G. (2014). Komparativna analiza rukometaša kadeta i mlađih kadeta u motoričkim i specifično-motoričkim sposobnostima. *Sport Mont,* 40, 41, 42./XII, 148-151. Podgorica: Crnogorska sportska akademija. | 2,40 |
| 15 | Morina, B., Hadžić, R., Vehapi, S., Elezi, A., Myrtaj, N., & Georgiev, G. (2015). Reliability of Eurofit battery with pupils from Kosovo and Montenegro. *Sport Science, 8*(2), 61-63. | 2,40 |
| 16 | Aleksandrovic, M., Jorgić, B., Georgiev, G., Ozsari, M., & Arslan, D. (2015). Anthropological dimensions as a predictor of specific motor skills of young water polo players. *Facta Universitatis, Series: Physical Education and Sport, 13* (3), 411-418. | 2,40 |
|  | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | **17,014** |
| 1 | Kostovski, Z., Mikic, B., Georgiev, G., Djukanovic, N., Ameti, V., & Masic, Z. (2013). Anthropological dimensions as predictor of a competition efficiency in elite athletes. *Technics, Technologies, Education, Management (TTEM), 8* (3), 1164-1172. **(Impact factor = 0,414)** | 4,014 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 2 | Hadžić, R., Bjelica, D., Georgiev, G., Vujović, D., & Popović, S. (2014). Anthropometrical Characteristics of Subjects in Predicting Technique Achievements of Basic Turn In Alpine Skiing. *International Journal of Morphology*, 32(1), 232-240. **(Impact factor = 0,318)** | 3,918 |
| 3 | Bojanić, D., Bjelica, D., & Georgiev, G. (2016). Influence of basic motor potential on the realization of specific motor skills of elite female volleyball players. *Journal of Physical Education and Sport (JPES), 16*(2), 500-504. **(Impact factor = 0,46)** | 5,26 |
| 4 | Popovic, S., Bjelica, D., Georgiev, G., Krivokapic, D., & Milasinovic, R. (2016). Body height and its estimation utilizing arm span measurements in macedonian adults. *The Anthropologist, 24*(3), 737-745. **(Impact factor = 0,222)** | 3,822 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно-популарно списание | **1,60** |
| 1 | Петров, Л., Маргаритова, В. и Георгиев. Г. (2010). Взаимозависимости в структурата на двигателния потенциал на млади баскетболисти. Педагогически алманах, 1, 61-68, Педагогическо списание на Великотърновския университет „Св. Св. Кирил и Методий". | 1,60 |
| | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно-популарно списание со меѓународен уредувачки одбор | **6,00** |
| 1 | Georgiev, G., Markovski, N., & Mitrevski, V. (2012). The connection of morphological dimensions with variables for assessment the legs' explosiveness and start speed. *Research in Physical Education, Sport and Health (PESH), 1* (1), 67-73. | 2,40 |
| 2 | Bjelica, D., Gardašević, J., Georgiev, G., Popović, S., & Petković, J. (2012). Validity of the applied motor tests for estimating basic motor abilities of football players – U15. *Research in Physical Education, Sport and Health (PESH), 1*(2), 21-25. | 1,80 |
| 3 | Hadžić, R., Vujović, D., Georgiev, G., & Muratović, A. (2012).Basic motor skills in the prediction of outcome success of the hit's power on the ball in football. *Research in Physical Education, Sport and Health (PESH), 1*(2), 65-69. | 1,80 |
| | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир | **10,80** |
| 1 | Mitrevski, V., Georgiev, G., Nika, F., & Memedi, L. (2011). Differences in the morphologic space between schoolgirls having their training classes in different working conditions regarding the social, demographic and geographical specifities. Во *Сборник научни трудове „40 години Шуменски университет 1971-2011" (част II)*, 334-339. Шумен: Педагогически факултет. | 1,20 |
| 2 | Mitrevski, V., Georgiev, G., Kostovski, Ž., & Živković, V. (2011). Differences in obtained results and obtained students' grade from some cities in R. Macedonia. Международна научна конференция „Кинезиология 2011", 67-70. Велико Търново. | 1,20 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 3 | Митревски, В., Георгиев, Г., Ника, Ф. и Мемеди, Л. (2011). Поврзаност на латентните димензии кои ги регулираат движењата кај учениците со постигнатите резултати и вреднувањето во моторичките способности. Международна научна конференция „Кинезиология 2011", 103-107. Велико Търново. | 1,20 |
| 4 | Georgiev, G., Živković, V., Kostovski, Ž., & Mitrevski, V. (2011). Connection of the subskin fat tissue and volume and body mass with the leg's explosive force. Во Зборник: Научни трудове Том 50, серия 8.2. Физическо възпитание и спорт (41-45). Русе: Русенски университет „Ангел Кънчев". | 1,20 |
| 5 | Mitrevski, V., Georgiev, G., Hristovski, R., & Markovski, N. (2011). Achievements and assessment of the female students from cities, Kikinda from Serbia and Prilep from Macedonia. Во Зборник: Научни трудове Том 50, серия 8.2. Физическо възпитание и спорт (125-129). Русе: Русенски университет „Ангел Кънчев". | 1,20 |
| 6 | Bjelica, D., Georgiev, G., & Popović, S. (2012). Motor and specific motor abilities with football players at the age of 14 and 15 years from Montenegro. VIII Международна научна конференция на катедра „Футбол и тенис", 122-127, София: Национална спортна академия „Васил Левски". | 1,60 |
| 7 | Mitrevski, V., Georgiev, G., & Pireva, A. (2012). Achievements of the Female Students from some Balkan's Countries at determined motor capabilities. Личност, мотивация, спорт (том 17), 223-227. София: НСА ПРЕС. | 1,60 |
| 8 | Mitrevski, V., Georgiev, G., & Kostovski, Ž. (2013). Body mass index (BMI), weight and height, one of the factors that have a significant contribution in achievement among female students. Личност, мотивация, спорт (том 18), 367-376. София: НСА ПРЕС. | 1,60 |
|  | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | **48,40** |
| 1 | Шукова-Стојмановска, Д. и Георгиев, Г. (2011). Разлики во однос на застапеноста на пушењето кај врвни одбојкарки и одбојкари. *Спорт и наука (София)*, (извънреден број 2/2011), 212-215. | 2,70 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 2 | Kezunović, M., Georgiev, G., & Hadžić, R. (2011). Valjanost i pouzdanost dva novokonstruisana motorička testa. IV Međunarodni simpozijum "Sport i zdravlje", Tuzla, 136-140. | 2,40 |
| 3 | Митревски, В. и Георгиев, Г. (2012). Разлике достигнућа између ученика Републике Македоније и Републике Србије. Васпитно-образовни и спортски хоризонти, Суботица, 128-133. | 2,70 |
| 4 | Petković, J., Bjelica, D., & Georgiev, G. (2012). Achievements in gymnastics in accordance with anthropometric and motor parameters with university students. *Спорт и наука (София)*, (извънреден број 2/2012), 26-32. | 2,40 |
| 5 | Gardašević, J., Bjelica, D., Georgiev, G., & Popović, S. (2012). Transformation of situational motor abilities with football players – cadets. In: *Proceeding Book, XVI International Scientific Congress "Olympic Sports and Sport for All" & VI International Scientific Congress "Sport, Stress, Adaptation", Sport & Science, Extra issue,* 2012, (373-377), Sofia, Bulgaria. Sofia: National Sports Academy "Vassil Levski". | 1,80 |
| 6 | Muratović, A., Georgiev, G., & Petković, J. (2012). Qualitative differences between young handball players concerning basic motor abilities and situational motor efficiency. In: *Proceeding Book, XVI International Scientific Congress "Olympic Sports and Sport for All" & VI International Scientific Congress "Sport, Stress, Adaptation", Sport & Science, Extra issue,* 2012, (378-381), Sofia, Bulgaria. Sofia: National Sports Academy "Vassil Levski". | 2,40 |
| 7 | Mitrevski, V., Mitevski, O., & Georgiev, G. (2012). Relation of motor dimensions with the motor knowledge and habits among male students of secondary school. *Спорт и наука (София)*, (извънреден број 3/2012), 355-359. | 2,40 |
| 8 | Popeska, B., Mitevski, O., & Georgiev, G. (2012). Structure of motor abilities, first and second row, at 7 years old children. *Спорт и наука (София)*, (извънреден број 3/2012), 360-366. | 2,40 |
| 9 | Georgiev, G., Kostovski, Z., Mitrevski, V., & Mitevski, O. (2012). Quantitative differences in obtained grades at students of the first year secondary education. *Спорт и наука (София)*, (извънреден број 3/2012), 367-371. | 1,80 |
| 10 | Kostovski, Ž., Georgiev, G., Soklevska-Ilievski, E., & Kostovska, Z. (2012). Faktorska struktura nekih specifičnih i bazično motoričkih testova za ocenjivanje motorike, kod karatista uzrasta od 12 do 14 godina. Во *Zbornik naučnih i stručnih radova – prvi deo, 5. međunarodni simpozijum*, Tuzla, 1-2.6.2012, str. 219-224. | 1,80 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 11 | Mitrevski, V., Georgiev, G., & Kostovski, Z. (2012). Релации на поврзаност помеѓу морфолошките латентни и манифестни карактеристики кај учениčките со моторичките знаења и навики стекнати во текот на наставата. Во 5. *Međunarodni simpozijum "Sport i zdravlje" Zbornik naučnih i stručnih radova – prvi dio,* Tuzla, 447-451. | 2,40 |
| 12 | Elezi, A., Kostovski, Z., Zivkovic, V., Georgiev, G., & Ameti, V. (2012). Sportski trening u karate sportu kod mlađim uzrasnim kategorijama. Во 5. *Međunarodni simpozijum "Sport i zdravlje" Zbornik naučnih i stručnih radova – drugi dio,* Tuzla, 340-344. | 1,80 |
| 13 | Đukanović, N., Kostovski, Ž. i Georgiev, G. (2012). Struktura određenih motoričkih i specifično motoričkih sposobnosti kod karate sportista. Во *Zbornik radova – VII međunarodna konferencija "Menadžment u sportu",* Beograd, 8.6.2012, str. 157-164. | 2,40 |
| 14 | Muratović, A., Georgiev, G., & Petković, J. (2013). Comparison of some motor and specific-motoric abilities between the handball players and handball section's students of age 14-15 years. *Спорт и наука (София).* (извънреден број 3/2013), 91-97. | 2,40 |
| 15 | Šukova-Stojmanovska, D., Georgiev, G., & Aleksovska-Veličkovska, L. (2013). Differences in percentile distribution of BMI heigh and weight between IV and V grade pupils. Во *3rd International Scientific Conference Exercise and quality of life, Novi Sad, April 12/13th 2013, pp. 259-265.* | 2,40 |
| 16 | Mickoski, G., Zeljkovic, M., Georgiev, G., & Kostovski, Z. (2014). Predictive values of basic-motor abilities in harai goshi situation motor test with young judo athletes. Во *Zbornik radova – Četvrta međunarodna konferencija "Sportske nauke i zdravlje", Banja Luka, 72-78.* | 1,80 |
| 17 | Mickoski, G., Georgiev, G., & Kostovski, Z. (2014). Relation between basic motoric tests and judo technique – yoko tomoe nage. Во Conference proceedings 1st International scientific conference "Research in physical education, sport, and health. Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Physical Education, Sport, and Health, 197-200. | 2,40 |
| | Учество на научен/стручен собир со реферат - усна презентација | **27,00** |
| | Апстракти објавени во зборник на конференција - меѓународна | **5,00** |
| 1 | Popović, S., Bjelica, D., Jakšić, D., & Georgiev, G. (2013). How does advertising through sport work? Evidence from Montenegro. In *18th annual Congress of the European College of Sport Science, Barcelona, 26th – 29th June 2013.* | 1,00 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 2 | Popović, S., Bjelica, D., Petković, J., Muratović, A., & Georgiev, G. (2014). Body heigh and its estimation utilizing arm span measurements in Macedonian adolescents. Во Abstract book of the 7th Conference for youth sport (40), Ljubljana: Faculty of Sport, University of Ljubljana. | 1,00 |
| 3 | Georgiev, G., Pireva, A., Mitrevski, V., Hasani, H., & Nika, F. (2014). Measure characteristics of motor test of movement frequency with student from Macedonia and Kosovo. Во Book of abstracts 11th International scientific conference on Transformation Processes in Sport, Sport performance *(21)*. Podgorica, Montenegro. | 1,00 |
| 4 | Georgiev, G., Mitrevski, V., Nika, F., & Hasani, H. (2014). The results of professional approach and increased intensity of work. Во Book of abstracts 11th International scientific conference on Transformation Processes in Sport, Sport performance *(30-31)*. Podgorica, Montenegro. | 1,00 |
| 5 | Muratović, A., Vujović, D., Bojanić, D., & Georgiev, G. (2014). Komparativna analiza rukometaša kadeta i mlađih kadeta u motoričkim i specifično-motoričkim sposobnostima. Во Book of abstracts 11th International scientific conference on Transformation Processes in Sport, Sport performance *(51-52)*. Podgorica, Montenegro. | 1,00 |
| | **Вкупно** | **171,614** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание | 0,50 |
| | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание | 27,00 |
| | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир | 4,00 |
| | Државна награда за научни постигнувања | |
| | - самостоен | 5,00 |
| | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект - соработник | 0,50 |
| | Раководител на внатрешна организациона единица | 9,00 |
| | Член на факултетска комисија | 15,50 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | Член на комисија за избор во звање | 1,20 |
| | Вкупно | 62,70 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 78,180 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 171,614 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 62,700 |
| Вкупно | 312,494 |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Душко Иванов, претседател, с.р.

Проф. д-р Ленче Алексовска-Величковска, член, с.р.

Проф. д-р Иван Анастасовски, член, с.р.